РЕЦЕНЗИЈА

# Урамнотежено(ст) и инвентивно(ст)

Tweet
Like 0 Share
30 ноември 2008 - 15:01

Кон Ретроспективната изложба на графики и цртежи, 1975-1997 на Димче Николов во Музејот на современата уметност во Скопје



Димче Николов (1953-1998) зад себе остави графичко дело неголемо по број но со забележлива стилска и вредносна кохерентност, од значење за македонската графика и одржување на нејзиниот континуитет во седумдесеттите години на 20-тиот век. Во 1981 година, кога на првата самостојна изложба ги сумираше своите почетоци стана јасно дека Николов е сериозен графичар. Во неговите дела уште тогаш беше во потполност содржан Николов со својата воздржана фуга и умерена фантастичност на апстрактно-асоцијативните состави, со својот лиризам и темен "кололит" на црно-бели нијансирања. Свое значење, не само во тој постакадемски период доби образовната компонента (непосредното влијание на Љубљанската графичка школа и познатите уметници Ј.Берник и Б.Борчич), естетиката на продолжениот или обновен графички енформел и создавање графички листови во кои се содржани елементи на народната уметност и пределот со некои рефлекси на концентрирани калиграфски решенија.

Во седумдесеттите години Николов работи во неколку класични графички техники што ќе ги задржи до последниот период кон крајот на деведесеттите години. Линорезите содржат декоративни белези блиски на органскиот енформел на О.Петлевски, а во делата изведени во сува игла се дава значење на цртежот и полутоновите. Во литографиите се постигнати ефекти на мекост на правоаголните полиња во кои е внесен знакот "Х" што има некои ликовни или семантички значења. Пределите во неговите акватинти се трансформирани во слободни композиции на органски и геометриски елементи-точки, запирки, крукчиња кои "искрат" во имагинарниот простор на графичкиот лист. Николов ја развивал темата на темни ленти и крупни синтетизирани форми, како и на спонтано извлечени линии кои се сретнуваат со мека геометриска форма што ја амортизира динамиката на елементите. Тој како да ја одмерувал спонтаноста според внатрешната потреба од ред и контролирана компонираност на графичките знаци. Се појавува мотивот на сенка што ги следи основните форми и тоа, не ретко од двете страни на формата што на делата им дава извесна сугестивност на потсвесните импулси. Во тој контекст можат да се забележат суптилни линеарни назначувања на централната оска или таа да се насети во начинот на групирање на елементите. Оттука, можеби несвесно се добиваат некои форми на крст или форми со антропоморфни асоцијации.

Николов ги суперпонирал одделните графички решенија за да добие вибрантност на плановите или да ги урамнотежи геометриските и органските мотиви или рационалниот и емотивниот приод. Неговата инвенција се состоела во начинот на распоредување, ранспонирање и варирање на определен број линии и површини, форми и знаци кои се најблиски до апстракцијата. Тоа е еден вид личен тајнопис во кој слободно се врзуваат (како "влакненца" од филмска лента) знаци и форми што личат на било што, меѓутоа не можат точно да се определат или да се поврзат со негшто друго освен со самите себе. Можат да се доживеат внатрешните предели на неговата имагинација, како и напорот да се воспостави сопствениот ред на работите. Сепак, апстрактните "слики на нервозното" имаат тензија на придушена вознемиреност, проткаено со кохезивност, чиста форма и точност на полните тонски аркоди.

Цртежите со јаглен ја содржат препознатливата концептуална и ликовна стегнатост на вешт и оригинален цртач кој ја негувал лирската апстракција или знаковниот енформел кои имаат значајно место во македонската уметност на графиката.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***



Like Share Sign Up to see what your friends like.

# Поврзани



[**Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа**]

